**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР**
***Одделение за урбанизам, ЗЖС***
***и комунални дејности***
**Број: 11 – 162/4 од 15-07-2026 год.**

**ОГЛАС ЗА ЈАВНО ИЗЛАГАЊЕ**
**на**

**ПРОЕКТНА ПРОГРАМА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ СО ПЛАН ЗА ПАРЦЕЛАЦИЈАНА ДЕЛ ОД К.П.бр.1723, К.П.бр.1724, К.П.бр.1725, К.П.бр.1726, К.П.бр.1727, К.П.бр.1728, К.П.бр.1729 И К.П.бр.1730 ВО Д.У.П. ЗА ДЕМИР ХИСАР (ОДЛУКА бр.08-1290/1 ОД 23.11.1990г.), Бр. на постапка во е-урбанизам: 74396 – УП по член 63 (2020)**

Согласно член 63 став (11) од Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр.32/20, 111/23, 73/24, 171/24 , 224/24, 40/25, 101/25 , 127/25,134/26), Општина Демир Хисар организира :

**ЈАВНО ИЗЛАГАЊЕ НА**

**Предлог проектна програма за изработка на Урбанистички проект со план за парцелација со тех.бр У-46/25 од октомври 2025**, изработена од ТДУПС ,,БИРО ЗА УРБАНИЗАМ” ДООЕЛ Битола.

Јавното излагање ќе трае **еден работен ден** и ќе се одржи на 21.07.2026 год. во просториите на Општина Демир Хисар на ул. Битолска бр. 8 во 10:00 часот.

Просторот кој е предмет на изработка на У.П. со план за парцелација се наоѓа на територијата на Општина Демир Хисар, К.О. Демир Хисар. Границата на вака предвидениот плански опфат ја формираат дел од ободните страни на катастарската парцела 1723, К.О.Демир Хисар, Општина Демир Хисар, а сосем мал дел на север е граница дефинирана од контактната соседна урбанистичко планско-проектна документација која е на сила. Проектниот опфат на вака предложениот У.П. со план за парцелација има површина од 1.7ха или точно 16.993м2.

Со овај У.П. со план за парцелација на дел од К.П.бр.1723, К.П.бр.1724, К.П.бр.1725, К.П.бр.1726, К.П.бр.1727, К.П.бр.1728, К.П.бр.1729 и К.П.бр.1730 во Д.У.П. за Демир Хисар (Одлука бр.08-1290/1 од 23.11.1990г.), Општина Демир Хисар се предвидува формирање на шест(6) нови градежни парцели, односно урбанистичка парцелација на постоечките дел од К.П.бр.1723, К.П.бр.1724, К.П.бр.1725, К.П.бр.1726, К.П.бр.1727, К.П.бр.1728, К.П.бр.1729 и К.П.бр.1730, К.О.Демир Хисар, Општина Демир Хисар. Новите градежни парцели (Г.П.бр.1.1, Г.П.бр.1.2, Г.П.бр.1.3, Г.П.бр.1.4, Г.П.бр.1.5, Г.П.бр.1.6 и Г.П.бр.1.7) ќе имаат намени согласно Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.в. на Р.М.бр.225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 7/25 и 143/25), и тоа: **група на класи на намени Б - Комерцијални и деловни намени, В - јавни дејности и институции и Д - зеленило, рекреација и меморијални простори.**

Соопштението и графичкиот прилог со скица со предлог план за парцелација ќе биде изложено на огласна табла во просториите на Општина Демир Хисар почнувајќи од 15.07.2026 год. до 20.07.2026 год., на веб страната на општината и преку информацискиот систем е-урбанизам, во делот огласи.

Приговори , забелешки и мислења по однос на планот за парцелација заинтересираните физички и правни лица може да поднесуваат во писмена форма до архивата на општината –одделение за урбанизам.

За доставените приговори, забелешки и мислења одлучува Комисијата за урбанизам при Општина Демир Хисар, по што изготвува Записник за прифатени и одбиени сугестии.

Согласно горенаведеното со ова соопштение се повикуваат сите заинтересирани физички и правни лица да земат учество на излагањето.

Градоначалник
**Никола Најдовски**